# Сосед од пеколот

Р. Л. Метјусон

Ако и ти сакаш книги...

Оваа книга им е посветена на сите кои беа подготвени да ризикуваат со мене.

Ви благодарам.

Исто така, на мојата мајка, баба и мојата братучетка Џејми која ме забавуваше со игри на интернет.

И, се разбира, на моите деца кои секогаш ќе ми бидат инспирација и мали пријателчиња.



# Еден

„Ох, не, не, не, не, не!" мрмореше Хејли со неверување додека го гледаше крвничкото откорнување од земја на нејзините розови, бели и жолти лалиња. Таа ја оттурна столицата од пред бирото каде работеше на компјутерот и се стрча кон влезната врата. Овој пат имаше намера да го убие, тоа беше сигурно.

После цели пет години детски и недораснати глупости, тој конечно ја имаше преминато границата. Дури ни нејзината цимерка на факултет немаше успеано да ја изнервира до овој степен, иако имаше еден период од шест месеци кога не се тушираше и не користеше дезодоранс во обид „да ја спаси планетата".

Пред пет години, таа беше многу горда што имаше успеано да ја купи својата прва куќа на *стари години*, дваесет и четири. Добро си го имаше испотено задникот за да си ја купи куќата од соништата, убав приземен простор на еден кат и со две спални соби. Купувањето и поседувањето на сопствена куќа беше многу подобро од сè друго што имаше искусено и доживеано дотогаш.

Хејли имаше поминато безброј ноќи во избирање на совршените бои за секоја соба, безброј денови во чистење, организирање и посетување на секоја маалска распродажба во радиус од петнаесет километри - сето тоа во обид да ги претвори дрвото и гипсот во вистински дом. А ништо од тоа не можеше ни да се спореди со страшниот труд кој го имаше вложено во средување на дворот и градината. После бесконечна низа на плускавци, исекотини, убоди од пчели и болки во грбот, таа имаше успеано да го претвори здодевниот двор во вистински рај.

Нејзиното уживање траеше цели четири месеци. Тогаш... *тој* се всели во соседната куќа. На почетокот, Хејли беше возбудена од идејата да има сосед, особено

сосед кој не е пензионер и... па... намќорест и тежок. Целата нејзина возбуда спласна во моментот кога го запозна Џејсон Бредфорд.

Во првите десет минути од неговото пристигнување, тој имаше успеано да го удри нејзиното поштенско сандаче, паркирајќи го својот автомобил во рикверц, да го остави купот хартии од хамбургери и сендвичи од неговиот автомобил да се истури и падне во неговиот двор (кој со помош на ветрот брзо се префрли во нејзиниот беспрекорно чист двор) и да си се „олесни“ на стеблото од големото дабово дрво пред неговата куќа со засрамена насмевка и кревање на рамениците во нејзин правец додека таа ужасено го гледаше.

Човекот беше дивјак.

Во текот на следните пет години, тој продолжи да го претвора нејзиниот убав и мирен живот во кошмар. Хејли ни самата не беше сигурна за тоа како една личност успеваше да има толкава контрола врз нејзината среќа, но тој некако го правеше баш тоа. Низ годините, таа се справуваше со: „куршуми“ од пејнтбол кои ѝ ги декорираа перените алишта кои висеа на жицата за сушење, гласна музика, забави, двапати имаше начекано голи луѓе како се прекачуваат преку оградата за така голи да се капат во *нејзиниот* базен, пијано играње кошарка во три часот по полноќ, хистерични жени кои правеа драми во неговиот двор, а понекогаш и во *нејзиниот* кога кретенот не сакаше да излезе да се расправа со нив.

Она што ги правеше работите уште полоши беше тоа што двајцата работеа во истото приватно средно училиште, ист оддел, со училници залепени една за друга и соседни места за паркирање. На дивјакот навистина не му требаше многу долго за да ѝ ги претвори работата и куќата од соништата во еден друг вид на сон - кошмар. На работа, таа мораше да се справува со неговото постојано „позајмување“ на предмети од нејзината училница: хартија, моливи, книги, еднаш го имаше „позајмено“ дури и нејзиното биро.

Тој очигледно се сметаше за најшармантниот човек на планетата и воопшто немаше проблем да го



искористува тоа за сè да биде по негово, а тоа нејзе ја оставаше со дополнителна работа и обврски додека тој глумеше кул и опуштен професор. На Хејли не ѝ требаше многу долго време за да сфати дека мораше да стегне заби и да ги трпи неговите глупости и на работа. На нејзини години, едноставно немаше шанси да успее да најде подобра работа од онаа која ја имаше. Едвај ја имаше најдено и таа. Па така, единствената опција која ја имаше беше да се пресели.

После првата година, Хејли се обиде да ја продаде куќата. Безуспешно. Секојпат кога потенцијален купувач ќе дојдеше да ја разгледа куќата, тој ги плашеше и бркаше со... со самото тоа што беше Џејсон. Тогаш Хејли се откажа од идејата за продажба на куќата и не размислуваше за тоа цели две години, но идејата повторно се роди минатата година кога Џејсон почна да игра голф и скрши три од нејзините прозорци. Тогаш тој успеа да избрка петнаесет потенцијални купувачи со тоа што излегуваше да си ја земе поштата по гаќи, со тоа што неговиот двор и куќа беа несредени и се разбира тука беше неговиот особено незаборавен испад на бес кога го фрли компјутерот низ прозорецот, испад придружен со гласно ‘ржење.

Неговиот двор беше покриен со суви лисја и диви треви. Тој му плаќаше на детето кое косеше за да го коси и средува само еднаш месечно. Останатиот дел од времето неговиот двор беше живеалиште на мали, шумски животинчиња. На куќата сериозно ѝ требаше фарбање или барем во најмала рака чистење на сите лушпи од боја кои се имаа насобрано на земјата во текот на минатите години. Дури и кога тој лично не ги плашеше потенцијалните купувачи, неговата куќа добро ја завршуваше работата.

Па така Хејли се откажа од својот сон за преселување уште пред пет месеци и почна да се моли тој да се пресели наскоро, многу скоро.

И сега тој ги напаѓаше нејзините бебиња. А таа немаше намера да дозволи тоа да се случи. Што е многу, многу е. Во текот на изминатите пет години, таа си го држеше јазикот зад заби затоа што ѝ беше страв да се

пожали. Отсекогаш беше таква, дури и како мала.

Таа отсекогаш беше тивкото, срамежливо девојче со носот закопан во книга, надевајќи се дека никој нема да ја забележи. Не се работеше за тоа дека не беше комуникативна и дружељубива личност, таа беше многу дружељубива. Тука повеќе се работеше за фактот дека таа беше голема кукавица. Кога другите деца ја задеваа или туркаа, таа попушташе и се повлекуваше, неспособна да се спротивстави. Ужасната навика ја следеше низ годините.

Целата ситуација стануваше уште полоша кога беа вклучени згодни и привлечни мажи како Џејсон. Таа добиваше трема од неговата катран црна коса, неговите очи сини како океан и целосниот вајан изглед. Хејли и така не беше особено добра во справување со луѓе, но кога во целата комбинација ќе се додадеше и привлечен тип, таа почнуваше да се однесува како кретен и не можеше да престане со неразбирливо мрморење. Нападните луѓе генерално ја вадеа од кожа, а уште повеќе ја вадеше од кожа тоа што никогаш немаше научено како да се справува со нив.

Што направи кога ја фати својата цимерка како ѝ краде есеи, храна и пари? Ја избегнуваше својата соба до два часот по полноќ затоа што знаеше дека Анџела тогаш ќе спие, а потоа набрзина се изгуби оттаму утрото пред нејзината цимерка да се разбуди. Истото можеше да се каже и за ситуациите во кои неколкуте момчиња кои ги имаше во текот на годините се обидуваа да ја искористат.

Наместо да им се спротивстави, како што требаше да направи, таа се повлекуваше во себе, знаејќи дека когатогаш ќе им здодее и самите ќе си заминат. Да, таа беше кукавица. Тоа беше единствената причина поради која Џејсон Бредфорд се извлекуваше со неговото однесување во изминатите пет години. Но не повеќе.

Цвеќињата беа последната капка која ја прелеа чашата.

Нејзината баба ѝ ги имаше дадено главиците од својата градина кога ја купи куќата и таа ги обожаваше.



Хејли погледна во замотаното црево и донесе импулсивна одлука. Ова мораше да заврши тука и веднаш. Редно време беше да му се стави крај на нејзиниот живот како најтешка жртва, кукавица и најголема шега на светот.

***

„Што по ѓаволите?!“

Џејсон скокна на нозе во истата секунда кога го почувствува млазот ладна вода.

Не знаеше што очекуваше да види, но дефинитивно не очекуваше да ја види неговата плашлива и кротка, мала сосетка и колешка како го вперува своето многу долго црево во него. Таа очигледно го имаше изгубено проклетиот ум.

„Тргај се од моите лалиња“, му нареди таа со авторитетен тон.

Тој навистина не можеше да се воздржи и да не се исклешти. Таа изгледаше проклето слатко со долгата, бронзена коса фатена во разбушавено опавче, зелените очи полни со оган скриени зад големите очила кои правеа да изгледа преслатко и се разбира нејзината црна, тесна маичка на која пишуваше „Nerd“ баш врз нејзините гради со пристојна големина што правеше да изгледа секси. Неговиот поглед се спушти кон малите, слатки шорцеви кои откриваа кратки, но многу убави, цврсти исончани нозе - дефинитивно многу убави.

Се разбира дека тој знаеше дека неговата тивка сосетка беше прекрасна. Тоа беше првата работа која ја имаше забележано уште дента кога се всели. Втората работа која ја имаше забележано беше дека таа беше многу срамежлива, многу тивка девојка која многу лесно се плашеше. Тој сѐ уште се згрчуваше кога ќе се присетеше на тој ден. После пет часа возење и три џиновски чаши сок, очајно мораше да оди во тоалет. За жал, агентот за продажба на недвижнини му ги немаше оставено клучевите каде што му имаше речено дека ќе ги остави, па така тој мораше да донесе импулсивна одлука: да се измоча во гаќи или да го навади дрвото. На крајот, дрвото доби добра количина на рециклиран сок.

Таа воопшто му немаше дадено шанса да ѝ објасни или да се извини. Нејзиното лице се вцрвени и таа практично со трчање влета во својата куќа. Оттогаш го избегнуваше по секоја цена. Ако тој ѝ мафнеше или ако ја поздравеше, таа само промрморуваше нешто или едноставно го игнорираше. Ако тој или некој од неговите пријатели кретени скршеа нешто на нејзиниот дел од имотот, таа не кажуваше ни збор. Да беше кретен, Џејсон многу лесно ќе можеше да се извлекува без да плати за сите скршени прозорци или чаршави извалкани со боја, но тој не беше *толку голем* кретен. Тој научи дека таа никогаш нема да прозбори и да се спротивстави, па веднаш штом ќе направеше некоја глупост, Џејсон се јавуваше и ги заменуваше работите што ги заебал. Ќе се чувствуваше како уште поголем гомнар ако не преземаше ништо и ако ги искористуваше ситуациите.

Тоа што таа никогаш не зборуваше отсекогаш му пречеше. Никогаш во животот му се немаше случено некој толку брзо и толку силно да го замрази. Што и да направеше, таа како воопшто да не сакаше да се помачи за да му прозбори. По ѓаволите, да беше на нејзино место, тој ќе си удреше ќотек уште пред неколку години или барем ќе викнеше полиција како што му правеа другите соседи; или ќе поднесеше жалба до директорот на работа како што правеа многу од неговите други колеги. Да му се плукнам, таа дури се немаше ни потпишано на ниту една од купот петиции кои остатокот од соседството сакаше да му ги дава на секои неколку месеци. Тој секојпат проверуваше дали ќе го види нејзиното име.

И не е дека намерно се однесуваше како кретен. Тоа нему едноставно природно му доаѓаше. Сите го разбираа и го прифаќаа тоа. Најверојатно затоа што, иако беше гомнар, тој беше допадлив гомнар... во најголем дел од времето.

Иако беше среќен што таа конечно се имаше симнато од нејзиниот трон за да зборува со него, тој исто така беше изваден од кожа што беше жива вода во неговите омилени маица и панталони на дваесет степени. Очигледно не се движеше доволно брзо, бидејќи таа



повторно го испрска.

„Да не си луда, да го ебам?" се развика тој.

Таа го крена цревото и му даде знак да се тргне. „Тргај се од мојата цветна леа... веднаш."

„Твојата цветна леа?" праша тој со неверување.

„Да, мојата цветна леа!" Таа повторно го испрска. „Ги засадив овие цвеќиња пред пет години, уште пред ти да се доселиш тука!"

Џејсон нервозно си помина со прстите низ разбушавената коса. „Тогаш си требала да ги провериш ебените регулаторни линии во имотниот лист пред да си го губиш времето!" избувна тој.

Таа го погледна со подзамижани очи. „Цветната леа е во мојот двор!"

„Јас не мислам така, срце. Оди провери си го имотниот лист ако не ми веруваш. Ти гарантирам дека оваа цветна леа целосно е на мојот дел од имотот", рече тој остро и покажа кон растојанието од метар и половина кое ги разделуваше нивните куќи. Таму се наоѓаше цветната леа која се протегаше до големата дрвена ограда која почнуваше на аголот од куќата на Хејли и ги раздвојуваше нивните два задни двора. „Ти имаш петнаесет сантиметри од ѕидот на твојата куќа. Твојот дел од имотот завршува на пет сантиметри од *мојата* цветна леа! Тоа е причината поради која малата глупава бела ограда почнува залепена до твојата куќа, наместо од другата страна на цветната леа."

Тој ја гледаше додека таа зјапаше во малиот простор кој ги двоеше нивните куќи. Кој и да ги имаше изградено нивните куќи беше тежок кретен. Нивните главни спални соби беа изградени на помалку од половина метар растојание, а сепак, на двете страни околу нивните две куќи и соседските куќи имаше празен простор широк повеќе од десетина метри. Начинот на кој идентичните куќи беа дизајнирани и изградени воопшто не оставаше простор за приватност. Тој немаше друг избор и мораше да го стави својот голем кревет до самиот прозорец, а од она што можеше да го види, ситуацијата беше иста и кај неа. Воопшто немаше ни размислено за опцијата да

ја земе помалата спална соба, таму немаше ни да му го собере креветот.

Чувството да спиеш на помалку од еден метар од жена која те смета за ѓубре беше чудно. Во летните денови, двајцата одбиваа да ги отворат прозорците, освен кога жештината станувaше толку неподнослива што немаа друг избор. Да не правиме муабет за носење на жена во неговата спална соба. Тој никогаш не беше голем љубител на јавно изразување на емоции, не пак за секс во јавност, а знаеше дека секс во неговата соба дефинитивно би бил како јавен настап.

Без разлика на тоа колкупати се потсетуваше дека тие живееја во различни куќи и дека ги делеше многу повеќе од една глупава цветна леа, тој никако не можеше да се натера да донесе жена во кревет. Не дека правеше такви работи во нормални околности. Тој никогаш не ги канеше жените дома. Тоа беше едно од неговите топ десет правила за состанување и жени. Единствената ситуација во која неговата куќа ја посетуваа жени беше кога му доаѓаа за да му врескаат и мрчат откако ќе ги остави и ќе продолжи понатаму, а и тоа го правеа однадвор, без влегување.

Тој никогаш во својот живот како возрасна личност немаше делено кревет со жена. Според него, тоа беше преголема интимност и испраќаше погрешна порака. Неколкупати се имаше излажано со лежење и релаксирање во кревет после секс и секоја една од тие ситуации се имаше покажано како сериозна грешка. Во тие страшни ситуации, жените сакаа да се галат и секогаш му поставуваа прашања од кои му доаѓаше да почне да си ја корне косата: *„Што размислуваш?“*, *„Ме сакаш ли?“*, *„Каде мислиш дека оди ова?“*, *„И ти ли си среќен како мене?“*, *„Зошто ми се обраќаш со името на сестра ми?“* и неговото омилено *„Се прашувам како ќе изгледаат нашите бебиња.“* Не, сексот беше најдобар во куќа на жена, хотелска соба или уште подобро, на задното седиште во неговиот автомобил.

Фала му на Бога што неговата сосетка очигледно го имаше истиот став. Џејсон не сакаше ни да замисли како би било да се разбуди со грофтањето и стенкањето на



некој маж. Како што беше малер, тој беше сигурен дека звуците ќе навлезат во неговата зашеметена, заспана потсвест и дека ќе има геј соништа цела ноќ. За среќа, тоа досега се немаше случено, инаку веќе ќе беше префрлен и ќе спиеше на каучот.

Не се работеше за тоа дека неговата убава сосетка не добиваше машко внимание. Тој имаше видено неколку кретени како се мотаат околу неа во последните пет години.

Таа беше далеку над нив, барем физички. Карактерно, па, дури и Џејсон од страна можеше да забележи дека сите беа гомнари. Не дека тој беше некој принц, но во текот на годините неколкупати имаше паднато во искушение да истресе од гаќи неколкумина од нив поради начинот на кој се однесуваа со неа. Никој од нив ја немаше удрено, во тој случај копилињата дефинитивно ќе си имаа работа со него - тој не одобруваше удирање на жена во никој случај - но од она што можеше да го види, тој понекогаш добиваше впечаток како тие да ја искористуваа, како да не се однесуваа со неа како што требаше.

На Џејсон не му беше јасно зошто воопшто се грижеше за тоа, но се грижеше.

Хејли погледна во оградата, а потоа во останатата должина на цветната леа. Таа тешко издиша. „Добро. Извини ако сум направила грешка. Ги преместував лејите кога ги садев лалињата.“

Тој кимна со олеснување, му беше мило што работата беше расчистена. Не можеше да дочека да ги види проклетите цвеќиња како летаат оттаму. И дефинитивно не можеше да истрпи уште една ноќ како претходната. Покрај тоа, му снемуваше и пченкарно брашно.

„Ќе ги преместам цвеќињата во моите петнаесет сантиметри“, изјави таа.

Неговите очи се ококорија кога го слушна тоа.

„Ќе си го прашам за тоа!“

# Два

Очите на Хејли стаписано се ококорија кога Џејсон се фрли врз цвеќињата, корнејќи ги како некој луд, опседнат човек.

„Престани!“ писна таа.

Тој ја игнорираше и продолжи да ги корне лалињата, влечејќи со сета сила за да биде сигурен дека и проклетите главици ќе излезат со нив. Како што ги корнеше, така ги фрлаше далеку кон неговата страна од дворот за таа да не може повторно да ги дофати за да ги пресади.

Хејли ја стегна рачката од цревото и го впери силниот, ладен млаз во него. Но тој не реагираше на водата и диво продолжуваше да ги корне цвеќињата од леата.

„Престани! Те молам престани!“ извика таа.

Џејсон забави дури кога стигна до тесниот простор помеѓу нивните куќи. Тој мораше да се сврти настрана и странично да навлезе, бидејќи тесниот премин не ги собираше неговите широки раменици. За среќа, таа се откажа од идејата да го удави со млазот вода. Можеби беше април, но тие сепак беа во Нова Англија, а тоа значеше дека ведрото сонце беше придружено со ладен ветар. Неговото тело се тресеше додека се наведнуваше за повторно да ја наполни раката со лалињата. Одеднаш, нешто го стегна околу зглобовите.

„Што по ѓаволи... ауч!“ Влечењето го натера да ја изгуби рамнотежата, па неговото лице слета во калта која таа ја имаше направено со нејзиното проклето црево. Пред да успее да се исправи, таа веќе ползеше по неговиот грб во обид да ги дофати проклетите цвеќиња во неговата рака.

Хејли ја користеше својата мала фигура како предност. Откако се прекачи преку грбот на Џејсон, таа брзо, но нежно почна да ги откопува останатите лалиња и да



ги става на бетонот до нејзината куќа.

„Еј! Престани!“ нареди тој додека се надвиснуваше над неа за да ѝ ги фати рацете.

„Тргај се од мене!“ избувна таа, копајќи уште побрзо.

„Немаше да бидам врз тебе ако ти не беше во мојот проклет двор!“

Хејли замавна наназад со лактот за да го удри и оттурне. Тој опцу под нос, а потоа целосно се фрли врз неа, прицврстувајќи го целото нејзино тело со своето. Таа веднаш се вкочани под него. Џејсон ја искористи нејзината вџашена реакција и грабна од цвеќињата, полнејќи ја раката најмногу што можеше.

„Ти реков да се тргнеш од мене, а не да ме смачкаш!“ појасни Хејли. Во моментот даваше сѐ од себе за да си го контролира дишењето. Знаеше дека би можела да се онесвести ако не ги контролира паниката и дишењето. Немаше сомнеж во тоа. Врз неа имаше голем мускулест маж!

Моторот на нејзиниот разум прегоре додека се обидуваше да се фокусира. Но не можеше да мисли на ништо друго, освен на чувството кое се будеше со неговиот цврст стомак залепен за нејзиниот грб. Одеднаш, низ нејзиното тело помина една струја која ја стресе, а тоа немаше никаква врска со ладната вода која ѝ се пробиваше низ алиштата.

Тогаш ѝ светна. *Врз неа имаше еден многу голем маж!*

„Подобро за тебе тоа што ме боде одзади да не е тоа што мислам дека е “, просаска Хејли низ стегнати заби.

„Не е тоа.“ Тоа беше. „Немој да си ласкаш, срце“, избувна тој, обидувајќи се да не испушти задоволен звук или да се залепи за неа уште повеќе. И самиот беше малку шокиран. Не дека некогаш имаше проблем со овие работи. Немаше.

Но во последно време неговиот интерес за секс беше малку изгубен. По ѓаволите, тој не можеше ни да се присети на последниот пат кога имал секс, што само по себе беше патетично.

Џејсон повторно се фрли на работа и ја подаде раката за да искорне уште некое цвеќе. Тоа брзо ѝ го привлече вниманието и Хејли како веднаш да заборави на фактот дека нејзиниот мал кренат задник беше залепен за неговиот скут. Џејсон го доближи лицето до нејзиниот врат и нежно вдиша, затворајќи ги очите. Таа не го забележа, па тој повторно го направи тоа. Тој можеше да се обложи во својот живот дека жената мирисаше на капини и шлаг. Мирисот беше проклето занесен.

Таа нервозно за'ржа. „Не знам што ти е проблемот. Сум направила грешка и сум ги засадила на твојот имот, воопшто не знаев дека мојот дел завршува тука. Дозволи ми да ги преместам неколку сантиметри полево и сè ќе биде средено.“

Тоа веднаш го извади од трансот. „Не!“ Повторно ја испружи раката покрај неа и почна да ги корне цвеќињата. Хејли тивко опцу под нос додека се бореше да се ослободи од под него и да спаси барем дел од своите цвеќиња. Тој едноставно ја следеше и повторно ја заземаше истата позиција, покривајќи го нејзиното тело со своето и вадејќи ја од кожа.

„Се однесуваш како кретен! Си ги сакам само главиците!“ рече таа, обидувајќи се да не заплаче. Тоа беа цвеќињата од баба ѝ. Дедо ѝ ѝ ги имаше купено после војната за да прослават за успехот на нивниот прв бизнис.

„Не, нема да ги засадиш таму! Цвеќињата мора да летаат!“ рече тој, копајќи уште побрзо.

„Зошто?“ сакаше да знае Хејли, сега веќе на раб на солзи од нервоза. „Не те разбирам! Ти не правиш воопшто ништо со твојот двор. Што ти е гајле дали цвеќињата ќе бидат тука или неколку сантиметри подолу? Не те повредуваат!“

„Абе ич!“ избувна тој, мислејќи на сите црвени места на неговиот грб и врат кои сè уште болеа.

Таа фркна со носот. „Тоа се само цвеќиња. Што толку ти направија за да те изнервираат до овој степен?“ Тогаш слушна зуење покрај увото и отсутно мавна со раката за да го избрка инсектот.



„Пчели!“ рече тој, обидувајќи се веднаш да стане, но не можеше. Неговото крупно тело беше заробено помеѓу нивните куќи.

„Да, пчела е“, рече таа полека како да зборуваше со дете.

Џејсон нервозно офна додека се обидуваше да се сврти и да го ослободи своето големо тело. Кога тоа не му успеа, тој се обиде да се истурка наназад. Раката му беше заглавена околу нејзиниот струк, па почна да ја влече наназад со него.

„Еј, тргни ги рацете...“

„Овде има ебено гнездо на пчели, а ние ги вознемиривме!“ се развика.

Погледот на Хејли летна нанапред, а очите ѝ се ококорија. И да, на само некој метар пред неа лежеше нешто што личеше на многу големо земно гнездо кое сега ѕиркаше од земјата благодарение на цвеќињата кои тие ги искорнаа. Сега пчелите почнуваа да излегуваат и да се креваат над гнездото во бесен лет како мало жолто торнадо. На двајцата им беше јасно дека нема да треба долго време за пчелите да се упатат накај нив.

„Мрдај!“

„Не можам!“

Хејли ја стегна вилицата и со сета сила се удри наназад во него. Тој тивко офна во близина на нејзиното уво, но не престана да се обидува да се повлече наназад. Таа се помести малку понапред за да земе залет, а потоа повторно удри во него со задниот дел од телото, и повторно, и повторно. Секој нејзин удар беше придружен со негово ох-кање и ах-кање, но и со добивка на неколку сантиметри.

„Уште еднаш!“ викна Џејсон низ заби.

Хејли удри во неговото тело со своето најсилно што можеше, а овој пат почна да турка и со рамениците, па така успеа да го одглави. Џејсон конечно летна наназад и ја повлече со себе. Со раката сè уште стегната околу нејзината половина, тој брзо почна да ги оддалечува од гнездото.

„Цел рој лета наваму!“ извика Хејли.

„Срање!“ Џејсон панично почна да разгледува околу нив во потрага по безбедно место.

„Во мојата куќа!“ рече таа, диво гестикулирајќи кон нејзината врата.

„Добра идеја“, рече тој додека трчаше накај нејзината куќа, влечејќи ја зад себе. Зуењето стануваше сѐ погласно и погласно кога пчелите почнаа да им се приближуваат и да кружат околу нив. Кога стигнаа до влезната врата, Џејсон ја отвори, му се заблагодари на Бога што таа немаше заклучено и заедно влетаа внатре, трескајќи ја вратата зад нив.

„Пчели!“ извика Хејли покажувајќи кон пчелите кои имаа влезено заедно со нив.

Џејсон брзо ја пушти и грабна две списанија од малото купче на масичката, а потоа ѝ го фрли едното. Без збор, тие ги свиткаа списанијата во ролни и почнаа да ги напаѓаат десетината пчели кои ги следеа. Ниеден од нив не зборуваше додека не ја смачкаа и последната пчела.

„Пет ноќи... по... ред... ме бодат...“ мрмореше Џејсон додека се обидуваше да земе здив.

„Знаеше дека има пчели и сепак почна да ги корнеш цвеќињата?“ праша таа со неверување. Баба ѝ добро ја имаше научено. Немаше играње со земни гнезда. Земните гнезда можеа да бидат мали како тупаница, но и големи и долги по неколку метри.

Џејсон покажа кон својата куќа.

„Се обидував да ги убијам.“

Хејли не можеше да поверува и затресе со главата. Тој знаел дека таму имало гнездо и не ѝ кажал?

„Зошто не ми кажа дека има гнездо? Знаеш дека скоро секој ден работам во тие леи“, рече таа, обидувајќи се да го одржува тонот мирен. Пчелите можеа да ги убијат!

„Ти кажав!“

„Не, не ми кажа!“

Тој нервозно ги зафрли рацете нагоре.



„Се обидував да ти кажам во последниве неколку недели, но секојпат кога ќе ти пријдев, ти бегаше!“

Таа ја отвори устата за да се расправа, но веднаш ја затвори. Да, тоа навистина звучеше како нешто што би го направила кога беше Џејсон во прашање. „Ох“, беше сѐ што рече кога конечно прозборе.

„Аха, *ох*“, избувна тој. Тогаш ѕирна низ прозорецот и нервозно офна. „Уште се собираат.“

Хејли воздивна. „Ќе прават проблеми уште неколку часа. Мора да викнеме некој за дезинсекција.“

***

Човече, тој се смрзнуваше. Алиштата му беа жива вода и очигледно беше дека нема да може да оди дома да се пресоблече во скоро време. Да беше на некое друго место, тој досега ќе се соблечеше по боксерки, но неговата сосетка и така беше стегната и срамежлива пред него. Не сакаше кутрата жена да доживее инфаркт. Погледна надолу во нејзиниот многу чист и очигледно полиран дрвен под и засрамено се згрчи од неколкуте литри вода и кал на неговото тело и облека.

„Да му се плукнам. Можеби треба да излезам низ задната врата и да се исушам малку“, рече додека го креваше погледот кон нејзината кујна која водеше кон задниот двор. Веѓите му се збрчкаа кога ги забележа дивите темни фигури од надворешната страна на прозорците.

„Мислам дека тоа нема да се случи во брзо време“, рече Хејли тивко, триејќи си го челото. „Можеш да одиш да се истушираш, а јас ќе видам дали можам да ти најдам нешто за облекување. Ќе се јавам за некој да дојде за пчелите додека се тушираш.“

„Ако си сигурна дека не ти пречи“, рече Џејсон, надевајќи се дека таа нема да се премисли. Јајцата му смрзнуваа. По ѓаволите, во моментот беше подготвен да си го напика газот и во фустан ако треба, само за да се стопли.

Таа отсутно кимна додека ги гледаше пчелите низ прозорецот. „Да, чекај само да ти покажам каде е бањата.“

Десет минути подоцна, неговото тресење конечно престана и тој почна вистински да ужива во туширањето. Никогаш во животот се немаше толку израдувано на обична топла вода. Ова му беше најдоброто туширање во животот. Во негова корист работеше и тоа што бањата на неговата мала срамежлива сосетка личеше на бања и не беше затрупана со козметика и шминки од под до таван. Ова беше бања која еден маж можеше нормално и удобно да ја користи без да се грижи за својата машкост.

Тој штотуку ја облекуваше маицата која таа му ја имаше оставено кога ја слушна како вреска. „Не! Немој!“

Џејсон излета од бањата за секунда и се стрча накај неа подготвен да го убие копилето кое се обидуваше да ја повреди. Кога стигна до неа се вкопа во место.

Таа слатко се насмевна кога рече: „Боже, те сакам.“

Неговото срца почна да бие како лудо, а веѓите така високо му се кренаа што за малку ќе му се помешаа со косата. Срање, ова беше полошо отколку што мислеше. Тој сега конечно сфати. Сите овие години... таа не го избегнувала затоа што била срамежлива. Не, го избегнувала затоа што била лудо вљубена во него. Срање. Ова беше глупаво и непријатно, особено со оглед на тоа што тој беше заглавен тука додека не се појави човекот за инсектите. Сега се надеваше дека службата за дезинсекција ќе дојде поскоро.

*Многу* скоро.

Џејсон ја отвори устата за да каже нешто, но пред да успее да прозбори, таа нетрпеливо ја крена дрвената лажица покриена со тесто и му даде знак да се тргне од пред неа. Тој намуртено се повлече, исплашен да не го налепи со тестото и се запраша што не беше во ред со жената која во еден момент му изразуваше љубов, а веќе во следниот го бркаше.

„Никогаш не застанувај помеѓу мене и човекот кој го сакам“, рече таа, разбркувајќи му ги мислите и враќајќи го во реалноста.

Џејсон го следеше нејзиниот поглед и се насмеа.

„Дерек Џетер?“



Хејли се намурти како прашањето за нејзината љубов кон човекот да беше глупаво. „Се разбира.“

Џејсон не можеше да се воздржи и се исклешти. По ѓаволите. Како го имаше пропуштено ова? Таа имаше огромен телевизор. Поголем дури и од неговиот, а тоа навистина кажуваше нешто затоа што неговиот телевизор беше единствената работа со која навистина се гордееше.

„Ова е навистина голем телевизор за толку мала жена“, ја задеваше.

„Па, како инаку би можела да ги гледам натпреварите и да се чувствувам како да сум таму?“ му врати таа. „Плус, вака можам подобро да си го гледам идниот сопруг.“

„Знае ли тој?“ праша Џејсон, погледнувајќи ја.

Таа слатко го збрчка лицето. „Сè уште не, но не ми е проблем да почекам“, рече таа со насмевка која за помалку од десет секунди го претвори нејзиното лице од неодоливо слатко во занесно убаво.

Да му се плукнам. Тој непријатно се префрли од едното на другото стапало додека таа исклучено и со страшно внимание го следеше натпреварот.

„Да не навиваш за Ред Сокс?“ праша таа одеднаш.

„Скраја да е!“ рече тој, навреден од прашањето. Можеби живееше на територија на Ред Сокс, но тоа не значеше дека беше неверно копиле. Јенкис му беа прва љубов, а беше сигурен дека ќе му бидат и последна.

Хејли воздивна од олеснување, „Фала му на Бога.“ Таа уште еднаш погледна накај телевизорот пред да се врати на работната маса во кујната. Џејсон се закикоте кога забележа дека и таму имаше еден мал телевизор со рамен екран каде исто така беше пуштен натпреварот. Оваа жена навистина го сакаше тимот или барем еден конкретен човек од него.

Што, по ѓаволите, беше работата со сите жени и Дерек Џетер?

Џејсон почна да разгледува низ нејзината куќа. Проклетите пчели сè уште ги покриваа сите нејзини прозорци, но неговото внимание беше свртено кон нешто

друго. Нејзините ѕидови беа како споменар на Јенкис. Не беше многу изненаден кога ја забележа потпишаната фотографија од Дерек Џетер над телевизорот.

„Очигледно ќе бидеме заглавени внатре додека да се стемни“, рече таа, повторно привлекувајќи му го вниманието. „Истребувачот ми рече дека морал да почека гнездото да се смири. А тоа ќе се случи кога ќе зајде сонцето. Ќе дојде, ќе ги испрска и ќе го отстрани гнездото ако може.“

Џејсон си помина со прстите низ влажната коса и воздивна. „Значи, ќе бидеш заглавена со мене некое време.“

Таа ги крена рамениците. „Нема врска. Има добар натпревар, па тоа би требало да помогне да летне времето.“

„Вистина“, се сложи Џејсон.

„Правам пица со домашно тесто. Се надевам дека немаш ништо против. Планирав вечерва да нарачам пица за со натпреварот, но со оглед на пчелите и сето тоа...“

„Не, тоа звучи одлично. Жал ми е што ти се натурам“, рече тој, чувствувајќи се како гомнар. Оваа жена ги имаше поминато последните пет години во постојани обиди да го игнорира и избегнува, а тој сега беше присилен да ѝ се натура од страна на мајката природа.

„Нема проблем“, рече таа, но Џејсон имаше некое претчувство дека го лажеше. Таа никогаш претходно не сакаше да биде во негово присуство. Кога и да застанеше блиску до неа на работа или ако отидеше да седне до неа, таа секогаш наоѓаше изговор за да се премести. Сега беше присилена да седи заробена во својата куќа со него. Џејсон беше сигурен дека тоа воопшто не ја правеше среќна. Неговиот поглед се сврте кон телевизорот кога таа занесено и вљубено воздивна. Хејли брзо се свести и веднаш го пренасочи вниманието на друга страна.

„Пиво?“

„Што?“ праша тој малку збунето.

„Пиво“, рече таа, покажувајќи накај фрижидерот без да ги одлепи очите од телевизорот.



„Ох“, рече Џејсон и се закикоте додека вадеше две шишиња пиво од фрижидерот. Ѝ го подаде едното, а таа го зеде, заблагодарувајќи му се со мрморење и додавајќи неколку пцовки под нос за еден од играчите.

Џејсон се навали и го гледаше шоуто. Не баш натпреварот, туку Хејли додека готвеше, упатувајќи нервозни зборови кон телевизорот. По неколку минути му стана јасно дека ако сакаше зеленчукот да биде исечен, ќе мораше да го направи тоа самиот затоа што Хејли го пушташе ножот и се расправаше со судијата на екранот секојпат кога не се сложуваше со некоја од неговите одлуки.

Во следните шест часа, тие готвеа, го гледаа натпреварот, се смееја, пцуеја и се расправаа со телевизорот, јадеа и саат време се караа со истребувачот поради нездравата сума која сакаше да им ја наплати пред повторно да се вратат на натпреварот.

До крајот на вечерта, Хејли изгледаше како веќе да беше целосно опуштена пред него, а тој се сметаше за среќен поради стекнувањето на ново пријателче. И тоа пријателче кое ги знаеше сите резултати и статистики напамет. За разлика од неговите пријатели кои не сакаше ни да ги спомнува.

А воопшто не му пречеше ни тоа што таа беше неверојатно секси. Тоа беше само бонус.